РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
MINISTRIA E TRANSFORMIMIT DIGJITAL
Бр./Nr. 16-1160/2
01-06 2026 год./viti
СКОПЈЕ SHKUP

Акционерско друштво за софтвер, енергија, индустрија и трговија,
НОМА СИСТЕМ СОЛУШНС, Анталија, Р Турција,
Бр 03-27/5
21.05 2026 год.
Подружница Скопје, Република Северна Македонија

# А Н Е К С бр.1

**кон Договор за Одржување на системот за управување со документи (ДМС), заведен под арх. бр. 16-913/11 од 01.07.2025 кај Договорниот орган и заведен под арх. бр. 03-27/3 од 25.06.2025 година кај Носителот на набавката**

1. **Министерство за дигитална трансформација,** со седиште на Бул. „Филип Втори Македонски" бр.11, Скопје, застапувано од министерот за дигитална трансформација, **Стефан Андоновски**, во понатамошниот текст: Договорен орган.

   и

2. Група на понудувачи, формирана со Договор за фрмирање Група понудувачи (истиот е во прилог на основниот договор) во понатамошниот текст: Носител на набавката **и** истите ја сочинуваат:
   **-** Акционерско друштво за софтвер, енергија, индустрија и трговија, **НОМА СИСТЕМ СОЛУШНС, Анталија, Р. Турција, Подружница Скопје,** Република Северна Македонија со седиште на ул. Димче Мирчев бр. 1/1-ДП4, 1000 Скопје, застапувано од управител Владимир Симовски, со жиро сметка 270078053220165 Халк банка Скопје, ЕМБС: 7805322 и ЕДБ: 4080024626480
   и членки:
   - Друштво за компјутерски консултантски дејности **ИНФИГО ИС ДОО Скопје,** со седиште на ул. Милан Мијалковиќ, бр. 22А, 1000 Скопје, застапувано од овластено лице - управител Јана Дамевска Атанасова, со ЕМБС:6650074

   Согласно договорот за формирање на Група на понудувачи, истата е претставувана и застапувана од Управителот на Носителот на Групата на понудувачи Акционерско друштво за софтвер, енергија, индустрија и трговија, НОМА СИСТЕМ СОЛУШНС, Анталија, Р. Турција, Подружница Скопје, Република Северна Македонија **г-дин Владимир Симовски**

Врз основа на член 119 став (1) точка 2. алинеја 1 и член 119 став (1) точка 3. од Законот за јавните набавки, а согласно образложението од член 119 став (8) од Законот за јавните набавки заведено под арх. бр. 16-1160/1 од 15.05.2026 година (во прилог) се склучува овој Анекс бр.1 кон основниот договор.

### Член 1

Се менува член 2 од основниот договор кој гласи:

„Договорот ќе биде со времетраење од максимум 13 месеци и истиот ќе се смета за склучен од датумот на потпишување од двете договорни страни.".

### Член 2

Се менува член 5 став (1) од основниот договор кој гласи:

„Максимална сума која може да биде искористена согласно овој договор изнесува 71.000.000,00 денари без ДДВ.".

**Член 3**

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот, Носителот на набавката има обврска да ја достави најдоцна до денот на потпишување на овој Анекс, во согласност со измените утврдени во членовите 1 и 2 од овој Анекс бр.1.

**Член 4**

Овој Анекс бр.1 стапува на сила на денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 5**

Овој Анекс бр.1 е составен во 6 (шест) примероци, од кои секоја договорна страна задржува по 3 (три) примерока.

| **Договорен орган** | **Носител на групата на понудувачи** |
|---|---|
| Министерство за дигитална трансформација | Акционерско друштво за софтвер, енергија, индустрија и трговија, НОМА СИСТЕМ СОЛУШНС, Анталија, Р. Турција, Подружница Скопје, Република Северна Македонија |
| Министер,<br>**Стефан Андоновски** | Управител,<br>**Владимир Симовски** |